НОВА МАКЕДОНИЈА 11. 4. 1997, 18041, 11,

УТРЕ ВО СЛОЕШТИЦА

# Заедничка изложба на Андреевски и Хамилтон

Утре (сабота) во 12 часот напладне, во училишната зграда во селото Слоештица, општина Сапотница (Горен Демир Хисар) ќе биде отворена заедничка изложба на академскиот сликар од Скопје Сергеј Андреевски (1960) и академскиот сликар од Лондон Марк Хамилтон (1964) на која ќе бидат поставени 16 слики и 6 објекти и инсталации создадени за време на заедничкиот проект што се одвиваше во таканаречен „сликарски камп“ во ова село од 28 март до денес.

Споменатите автори Андреевски и Хамилтон се инспирирани од византиското сликарство поставено во контекст на соврмени ликовни трендови. Имено, фреските од околните пет цркви (меѓу кои најпознати се тие во Слепчанскиот и во Топличкиот манастир) на Андреевски, според неговата изјава, му помогнале да создаде дела кои ќе ја афирмираат македонската уметност надвор од нејзините граници, а пак Хамилтон планира со својот дел од создаденото во Слоештица да специјализира мешани медиуми на Универзитетот во Вестминстер, Англија, кај професорот Малколм Легрејс.

По прикажувањето на оваа изложба на Андреевски и на Хамилтон во Слоештица, таа наесен ќе биде пренесена во Скопје, а идната година ќе биде прикажана и во Лондон.

С.Ѓ.